## Портфолио за регистрација на новите членки

По завршената постапка на зечленување во GS1 Македонија новата членка ги добива следните документи (Регистрационен портфолио):

- Решение за доделување на Единствен матичен GS1 број
- Известување за доделување на Единствен матичен GS1 број со сублимирани права и обврски на членката и правила за коректна имплементација на баркодот;
- 1 примерок од потпишаниот и архивски заверен Договор за членување во Асоцијација за GS1 стандади GS1 Македонија
- Статут на Асоцијација за GS1 стандарди GS1 Македонија
- Копија од пополнетата Пристапница во GS1 Македонија
- Копија од пополнетиот GS1 Македонија Анкетен формулар **(Формулар GS1-01)**
- GS1 Македонија и Анкетен формулар за баркодиран артикал/производ **(Формулар GS1-02)**
- Регистар на баркодирани артикли/производи (**Формулар GS1-03**)
- GTIN (Глобален каталог на баркодираните трговски артикли/услуги) Microsoft Excel база, која покрај позиции за информациите содржани во **GS1-02** формуларот, автоматски генерира контролни броеви за баркодираните производи (одделно за капацитет на баркодирање од 100 и 1000 артикли) достапна за преземање исклучително преку Интернет;
- Акредитација за доделениот GS1 број за баркодирање за период од 12 календарски месеци вклучувајки го и месецот на зачленување;
- Брошура: "GS1 Македонија Асоцијација за GS1 стандарди GS1 Македонија

  Брошура: "Водич за членките на GS1 Македонија"
- Прирачник: "Општ GS1 прирачник (GS1 Global User Manual)" - во изработка.
- Брошура: "Како до сопствен бар код"
- Брошура: "Се што треба да знам за бар кодирањето"
- Брошура: "GEPIR".


**GS1 Македонија**

Ул. Маршал Тито бр.19
Скопје 1000
Република Македонија

***Директор:***
***Слаѓана Милутиновиќ***
Т: 02/ 32 54 250
***Соработници***:
*Билјана Рембоска*
Т: 02/32 54 251
*Валентина Цветковска*
Т: 02/32 54 252
*Биљана Азеска*
Т: 02/32 54 253
*Срѓан Милутиновиќ*
Т: 02/32 54 255

Ф: 02/ 32 54 254

**e-mail: gs1mk@gs1mk.org.mk**

**www.gs1mk.org.mk**
**www.gs1.org www.gs1.eu**




Асоцијација за GS1стандарди GS1 Македонија

# КАКО ДО СОПСТВЕН БАР КОД ?




**GS1 Macedonia**

**MOVING FORWARD TOGETHER**
**TO BETTER SERVE BUSINESS**

## GS1 Македонија

Секоја фирма која сака да ги баркодира своите производи треба да се обрати до Асоцијацијата за GS1 стандарди GS1 Македонија, се зачленува и добива свој Единствен Матичен GS1 број (GS1 ЕМБ) за баркодирање.

Асоцијација за GS1 стандарди GS1 Македонија претставува доброволна форма на организирање на заинтерисираните субјекти од производните и непроизводните сектори во Република Македонија. GS1 Македонија е национална, невладина, добрволна, непрофитна и деловно неутрална асоцијација на македонските компании.

Основните цели на GS1 Македонија се воведување, примена и развој на единствениот меѓународен систем на стандарди (GS1 стандарди) за автоматска идентификација на производите и услугите, електронска размена на податоците и обезбедување на неутрална платформа за отворена соработка помеѓу сите деловни партнери и стопански субјекти.

GS1 Македонија е единствен овластен претставник на Меѓународната GS1 организација во Република Македонија и поседува сертификат за ексклузивни права да управува, обезбедува единственост и интегритет на GS1 системот на нејзината територија и да доделува GS1 идентификациони броеви (Единствен Матичен GS1 број GS1 ЕМБ) на македонските комании неопходно потребни во менаџментот на националниот и светскиот синџир на снабдувањето.

Од Формирањето во 1994 година, GS1 Македонија, е полноправна членка на Меѓународната организација GS1 AISBL со седиште во Брисел, Белгија и Принстон, Њу Џерси, САД.

Од 15 март 2006 година, а врз основа на Меморандумот потпишан на 7 февруари 2006 година во Брисел, Белгија, GS1 Македонија е членка на регионалната организација GS1 in Europe и е прва организација од Република Македонија која влезе во Европа.

**GS1 Македонија е организација посветена на подобрување на ефикасноста во трговијата и барањата во синџирот на снабдување, глобално и низ сектори. Речиси 18 години GS1 Македонија помага во деловното работење на македонските стопански субјекти и бизнисот, односно создава услови да македонската бизнис заедница во рамките на своите можности ги реализира бенефитите на е-бизнисот и е-трговијата.**

## Постапка за зачленување

Процедурални чекори:

- искажување интерес за членување во GS1 Македонија и пополнување и достава на потпишана пристапница и на GS1-01 анкетен формулар;
- информирање за Меѓународната GS1 организација и Статутот на GS1 Македонија, и прифаќање на неговите одредби;
- уплата на пристапнина и членарина и надомест за користење на GS1 бројот;
- обезбедување увид во релевантна документација; и
- потпишување Договор за членување во GS1 Македонија.

По регулирањето на наведените формалности на членката и се издава **РЕШЕНИЕ** со кое и се доделува ***Единствен Матичен GS1*** *број* за баркодирање на производите и услугите.

Зачленувањето се изведедува:

- Со непосреден контакт со стручната Служба на GS1 Македонија;
- Преку пошта/факс; или
- Е-пошта.

**<u>ВАЖНО:</u>** Доколку Договорот се потпишува во просториите на GS1 Македонија, застапникот на членката мора со себе да има печат и штембил, а доколку истиот не е управител, треба да достави и соодветни овластувања.

**Документи за зачленување**

На увид треба да се донесе или достави:

- Решение од Централниот регистар на Република Македонија - оригинал или копија заверена кај нотар
- Тековна состојба од Централен регистар на РМ. По извршениот увид и верификација на податоците сите документи се враќаат.

5 310000 000005

## Обврски на членките

Фирмата членка на GS1 Македонија има обврска:

- да ги почитува Статутот, Договорот, и одлуките на органите на GS1 Македонија кои се однесуваат на неа;
- да се придржува на правилата и на техничките стандарди на GS1 системот;
- редовно да ги подмирува обврските по основ на членарина и надомест за користење на GS1 бројот;
- да назначи лице кое постојано ќе биде задолжено за баркодирање на артиклите/производите и водење на Регистарот на баркодираните артикли/производи;
- означувањето на артиклите да го врши сукцесивно од 1 до број кој одговара на доделениот капацитет на баркодирање;
- да внимава два артикла да не добијат ист број;
- ако производот се јавува во различна големина, тежина, боја и сл. (како повеќе артикли) секој артикал да добие свој посебен број;
- уредно да води Регистар на баркодираните артикли/производи **(Формулар GS1-02)** или на GTIN базата и редовно, најмалку еднаш годишно, но не подоцна од 20 декември, копија на истиот/та да ја доставува до GS1 Македонија;
- по извршеното баркодирање на секој нов артикал/производ редовно да доставува до GS1 Македонија пополнет Анкетен формулар за баркодиран артикал/производ **(Формулар GS1-03)**;
- писмено да ја информира GS1 Македонија за сите промени на податоците дадени при зачленувањето;
- да го користи доделениот GS1 број само во рамките на своето работење;
- да не дозволи користење на својот GS1 број или да го отстапи на друга компанија во која било форма;
- по престанокот на членството, писмено да го откаже и да го врати доделениот GS1 број;
- да дава информации за користење на своите GS1 броеви;
- да ги поднесе последиците доколку со своето работење предизвика штета на GS1 Македонија и GS1 системот

.